# МЕ2
# Д0И
# 4А0.

Визијата на медиумите од
Западен Балкан за 2040 година

Во 2040 година, професионалните и независни новинари се безбедни и ослободени од несоодветни влијанија. Етичкото користење на технологијата игра клучна улога помагајќи им на медиумите да ја исполнат својата должност кон јавниот интерес и да бидат гласот на граѓаните за добро информирано, инклузивно и демократско општество.

## 1
## ИСТОРИЈА

Во октомври 2023 година е започнат проектот „Медиуми 2040: Охрабрување на младите застапници за медиумска слобода на Западен Балкан", како мрежа од шест државни универзитети на Западен Балкан. Нашата мрежа создаде група од 40 студенти по новинарство и комуникологија од Нови Сад, Подгорица, Приштина, Сараево, Скадар и Скопје. Заедно работевме на предвидување на иднината на медиумите – иднината за 2040 година, во која младите ќе сакаат да работат како искусни професионалци во медиумите.

За да ја реализираме нашата визија, спроведовме скенирање на хоризонтот – процес на мапирање на тековната состојба и трендовите во медиумската сфера. Конкретно, ги следевме случувањата поврзани со петте клучни димензии на медиумските системи. Во текот на овој процес, организиравме онлајн форуми со новинари и експерти за медиумска политика, медиумска технологија и медиумско работење. Сознанијата од скенирањето на хоризонтот се претставени како клучни заклучоци поврзани со:




Кога добивме соодветен увид во трендовите, се состанавме на петдневна работилница во Скадар за да ја осмислиме заедничката визија за регионот на Западен Балкан. Преку интерактивен и инклузивен процес и под професионално водство, ја осмисливме визијата и ги разгледавме предизвиците и овозможувачките фактори кои би можеле да ни помогнат во реализирањето на визијата.

Иако забележавме слични трендови низ целиот Западен Балкан, секој медиумски систем има свои карактеристики, а проблемите немаат исто ниво на итност. Поради тоа, оваа визија треба да се сфати како општа рамка којашто треба понатаму да се разработи со цел да се земат предвид специфичните локални трендови и надлежности на заинтересираните страни.

2

## ВИЗИЈА И КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

Во 2040 година, професионалните и независни новинари се безбедни и ослободени од несоодветни влијанија. Етичкото користење на технологијата игра клучна улога помагајќи им на медиумите да ја исполнат својата должност кон јавниот интерес и да бидат гласот на граѓаните за добро информирано, инклузивно и демократско општество.

**професионалност, независност, безбедност и слобода на новинарите**

> До 2040 година, новинарите работат во средина во која не постојат закани, заплашувања и други видови притисоци, вклучувајќи ги и анонимните коишто се случуваат онлајн. Дејствуваат независно, ослободени од несоодветни политички и економски влијанија и заштитени со силна правна рамка и општествени норми коишто ја негуваат вредноста на медиумската слобода. Силните новинарски здруженија негуваат професионално постапување и солидарност, силните новинарски синдикати обезбедуваат добри работни услови, а институционализираните и ефикасни совети за медиумите ја обновуваат довербата на граѓаните во медиумите.

## етичко користење на технологијата

Технологијата во 2040 година служи како моќно средство за подобрување на новинарската работа и општо, на јавната комуникација. Се користи етички – со почитување на приватноста, точноста и автентичноста, и обезбедува целосна транспарентност. Иновациите во областа на вештачката интелигенција, анализата на податоци и дигиталните платформи ги охрабруваат новинарите да откриваат приказни, да анализираат сложени прашања и да ја вклучат публиката на значајни начини.

## улогата на медиумите во служба на јавниот интерес

До 2040 година, медиумите служат како глас на граѓаните, застапувајќи го јавниот интерес во известувањето и повикувајќи ги на одговорност сите оние кои се на позиција на моќ. Јавниот интерес е вкоренет во одлуките на уредниците, особено во јавните медиумски сервиси кои им служат на различни заедници. Јавниот интерес е заштитен со независно и ефикасно регулирање на медиумите, при што клучна улога игра независното регулаторно тело кое би требало да обезбеди медиумски плурализам, сопственичка транспарентност и целосно почитување на човековите права.

## добро информирано, инклузивно и демократско општество

Преку одговорно известување од јавен интерес, до 2040 година медиумите ги поттикнуваат граѓаните кои се добро информирани и охрабрени да донесуваат одлуки да учествуваат во јавната комуникација и да се залагаат за јавното добро. Формалното и неформалното образование обезбедува знаење, вештини и компетенции со цел медиумската писменост да е на високо ниво. Медиумите промовираат дијалог помеѓу различните перспективи – политички, етнички или верски, и дејствуваат како катализатор на инклузивно и демократско општество.

3

# СЦЕНАРИО ЗА МЕДИУМИТЕ ВО 2040 ГОДИНА: НАДМИНУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ ОВОЗМОЖУВАЧКИ ФАКТОРИ

Предизвици што треба да се надминат за да ја постигнеме визијата за иднината:

- Политичките партии и владите воспоставуваат строга контрола над медиумите, влијаејќи врз нив преку државно финансирање и рекламирање, назначување регулаторни тела и клеветење на новинарите.
- Нападите врз новинарите го намалуваат просторот за јавен дијалог така што ги замолчуваат критичарите и истражувачките новинари.
- (Потенцијалниот) конфликт останува постојан предизвик во регионот и ги уништува заедниците, доведувајќи до медиумска поларизација и ширење говор на омраза.
- Одливот на мозоци влијае врз медиумските системи бидејќи доведува до губење на млади новинари и млади образовани потрошувачи на квалитетни медиумски содржини.
- Лошата економска состојба на новинарите, медиумите и граѓаните влијае врз целокупните медиумски системи. Новинарството како професија исчезнува поради недостигот на млади лица кои сакаат да се занимаваат со таа професија. Медиумите се ориентирани кон рекламирање и содржини што се лесни за произведување и главно, сензационалистички. Граѓаните немаат доволно средства за директно да ги поддржат медиумите.
- Пазарниот монопол штетно влијае врз јавната комуникација бидејќи спречува застапеност на различни гледишта во медиумите.
- Вештачката интелигенција претставува закана за јавната комуникација поради тоа што може да се користи за манипулирање на граѓаните и за ширење дезинформации.
- Социјалните мрежи го забрзуваат „загадувањето“ на информациите (дезинформации, говор на омраза, нарушување на приватноста) и поставуваат предизвици за бизнис-моделите на медиумите.
- Граѓанското новинарство се натпреварува со традиционалното новинарство за вниманието на публиката, давајќи информации коишто може да се извадат од контекст и да бидат пристрасни или поларизирачки.
- Довербата во новинарите, нивните вести и медиумите опаѓа, што ги прави граѓаните подложни на алтернативни извори на вести и дезинформации и доведува до намалување на нивното политичкото учество.

Овозможувачки фактори што може да ни помогнат да ја изградиме замислената иднина:

- Регулаторните тела се занимаваат со проблеми поврзани со технологијата и дигиталните медиуми, водени од јавниот интерес, начелата на човековите права и транспарентноста.
- Храбрите и одлучни новинари промовираат професионални стандарди и етичко постапување и покрај политичките и економските проблеми.
- Правосудните органи, кои се добро функционални, гарантираат слобода на говор.
- Меѓусебната почит и соработка помеѓу новинарите негуваат култура на професионалност и солидарност.
- Медиумската писменост, воведена во формалното и неформалното образование и промовирана од самите медиуми, ги прави граѓаните одговорни корисници на вести кои размислуваат критички и имаат големи очекувања.
- Технолошкиот развој го унапредува новинарството, помага при собирањето вести, истражувачкото новинарство, ширењето вести преку повеќе канали и вклучувањето на публиката на разни начини.
- Вештачката интелигенција им помага на новинарите во вршењето тешки задачи и во создавањето нови формати и содржини коишто ја привлекуваат и вклучуваат публиката.
- Социјалните мрежи им овозможуваат на медиумите и новинарите да допрат до различни групи на публика и овозможуваат поголема интеракција и учество во јавниот дијалог.
- Граѓанското новинарство го дополнува традиционалното новинарство, обезбедувајќи автентичност и разнообразност на гласови во јавната сфера.
- Европската унија ги промовира медиумската слобода и медиумскиот плурализам, како и етичкото користење на технологијата, а преку процесот на пристапување дава законодавна основа и поддршка во спроведувањето на законодавството поврзано со медиумите и технологијата.

Надминувањето на предизвиците и вклучувањето на овозможувачките фактори се клучни за реализација на визијата за динамични, независни и етички медиуми на Западен Балкан до 2040 година. Преку вложување заеднички напори во решавањето на итните предизвици, потпирајќи се на овозможувачките фактори, заинтересираните страни можат да работат на создавање средина во која новинарите можат слободно да работат, технологијата се користи етички, а медиумите служат како катализатор на инклузивни и вистински демократки општества.

Проектот е поддржан од страна на Амбасадата на Кралството Холандија во Белград, преку Холандскиот фонд за регионална соработка – програмот MATRA.

FILOZOFSKI FAKULTET NOVI SAD

FAKULTET POLITIČKIH NAUKA UNIVERZITET U SARAJEVU MCMXLIX

UNIVERZITET CRNE GORE FAKULTET POLITIČKIH NAUKA PODGORICA

UNIVERSITETI I PRISHTINËS

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ЈУСТИНИЈАН ПРВИ

UNIVERSITETI "LUIGJ GURAKUQI" I SHKODRËS

Kingdom of the Netherlands

medijskestudije.ff.uns.ac.rs/media2040/